Скопје
март
2019

# ИЗВЕШТАЈ

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

2018

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Димитрие Чуповски бр.13 1000 Скопје
Македонија
www.orm.org.mk

# Содржина


Вовед ..... 2

1. Колективни договори ..... 3

   Состојба на бипартитниот социјален дијалог ..... 3

2. Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2018 година ..... 3

3. Соработка и учество на ОРМ со институциите ..... 4

   Влада на Република Македонија ..... 4

   Министерство за труд и социјална политика ..... 5

   Министерството за образование и наука ..... 5

4. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2018, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности ..... 6

   Придонес на ОРМ во областа на законот за работни односи ..... 7

   Придонес на ОРМ во областа на безбедност и здравје при работа ..... 7

   Организирана прес-конференција за Предлогот на закон за финансиска поддршка на инвестиции ..... 8

   Состанок со претставници на ММФ и Светската Банка ..... 8

   Советување за новите измени во ЗРО, проблеми во примената и најавените нови измени во ЗРО ..... 9

   ОРМ - активен член на Националниот совет за женско претприемништво ..... 9

   Делегирање на два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (TRAIEE) ..... 9

   Претставник на ОРМ - член на управниот одбор на проектот Образование за вработување во Македонија E4E@mk ..... 9

5. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки ..... 10

6. Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ ..... 10

7. Учество на претставници на ОРМ на конференции, семинари и обуки ..... 11

8. Активности на ОРМ по проекти ..... 12

   - Проект “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" ..... 12
   - Проект „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија“ ..... 13
   - Најава во 2019: Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ ..... 14

# Вовед



Почитувани,

Зад нас е уште една година исполнета со многу важни политички настани, кои како многупати порано, ја ставаа економијата на второ место. Владата, иако ги критикуваше претходните министри, продолжи со предлагање на законски прописи во скратени рокови, за кои ние како бизнис здружение немавме доволно време да Ве консултираме и да ги дадеме нашите забелешки. За волја на вистината и кога имавме повеќе време, ретко кој од нас наоѓаше доволно време и мотивација да ги прочита предложените прописи и да даде свое мислење. Секоја чест на поединци кои имаа сили, знаење и решителност секогаш да го штитат интересот на Организацијата на работодавачи и бизнис заедницата.

Односите со социјалните партнери се посебна приказна. По долги натегања успеавме да започнеме преговори за нов ОКД. Преговорите се тешки и демотивирачки но наше е да истраеме и да добиеме по добар, по прецизен и по применлив ОКД. За таа цел им се заблагодарувам на членовите на нашата преговарачка група за досегашните активности и вложена енергија.

Во текот на минатата година го зајакнавме нашиот кадровски потенцијал и денес сме спремни да конкурираме но и да имплементираме многу сложени проекти од областа на социјалниот дијалог, образованието, условите на стопанисување и други области за кои што имаме доволно знаење и искуство.

ОРМ останува единствено репрезентативно здружение на работодавачи во Република Северна Македонија и понатаму ќе биде силен глас на бизнис заедницата и ќе се залага работодавачите да го добијат местото, улогата и значењето во општеството што реално и припаѓа.

Со почит,

Ангел Димитров
Претседател на ОРМ

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2018 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи, Статутот на ОРМ и Програмата на ОРМ за предвидени активности за 2018 година. Своето членство ОРМ во 2018 година го зголеми со две членки Палпласт-Пром и Макам Транс. Со членство на Макамтранс во ОРМ се доби репрезентативност во гранката транспорт со што во ОРМ има вкупно 16 репрезентативни здруженија со легитимна можност да се преговара и потпише колективен договор.

Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

## 1. Колективни договори

Согласно Спогодбата за измени и дополнувања на општиот колективен договор (ОКД) за приватниот сектор, став 3, потпишана на 13.07.2015година ОРМ и Сојузот на синдикати на македонија (ССМ) како легитимни партнери се обврзаа да отпочнат со преговори за измени и дополнување од интерес на двете страни. Во текот на 2018 година ОРМ испрати неколку дописи и лични обраќања до ССМ, а истите беа разгледувани и на седниците на Економско-социјалниот совет (ЕСС) се со цел отпочнување на преговори за ОКД во стопанството. За иницијативата на ОРМ за отпочнување на социјален дијалог навремено беше известена Владата на РМ и МТСП, каде изразуваме загриженост во поглед на остварување на социјалниот дијалог, и навестивме дека доколку социјалниот партнер ССМ не започне преговори за ОКД, ОРМ ќе ја започне постапката за раскинување на ОКД.

На барање на УО на ОРМ на 18-ти декември 2018 г., се реализира средбата со Претседателот на ОРМ, Ангел Димитров,Министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска и Претседателот на ССМ, Дарко Димовски.На средбата оваа средба се разгледаа прашањата за продолжување на преговорите за потпишување на Општ колективен договор за приватниот сектор, за потребата од отпочнување на процесот на преговори за склучување на Општ колективен договор за јавен сектор, за предлозите на ОРМ и ССМ за новиот Закон за работните односи, за последните измени и дополнување на Законот пензиско и инвалидско осигурување со кој беше зголемена стапката на придонесот и за влијанието на истата на платите на работниците, како и за други прашања за унапредување на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери.

### Состојба на бипартитниот социјален дијалог

Потпишани, усогласувани и објавени во службен весник се:

Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, Колективен договор (КД) за тутунска индустрија, КД за хеминска индустрија, КД за угостителска дејност, КД за текстилна индустрија, КД за кожарска индустрија усогласен, КД за енергетика, КД за земјоделие и прехранбена индустрија, КД за Заштитните друштва, КД за банки, КД за независните регулаторни тела.

## 2. Работењето на ОРМ во Економско социјалниот совет во 2018 година

Како единствена организација на работодавачи ОРМ ја докажа својата репрезентативност и учествуваше на сите седници на ЕСС во текот на 2018 година.

Одржани беа вкупно 8 седници, 6 во прва половина на 2018, а 2 во втората половна од годината.

На седниците се разгледаа 10 закони и 3 стратешки документи од економско-социјалната сфера, а до Владата се доставени и постапено е по 16 мислења, односно заклучоци од страна на ЕСС.

Од 6-те комисии при ЕСС, Комисијата за работни односи и плати и Комисијата за безбедност и здравје при работа се активни, додека, останатите 4 постојни комисиикаде ОРМ има номинирани членови се уште не се ставени во функција.

## 3. Соработка и учество на ОРМ со институциите

### Влада на Република Македонија



- На предлог на работодавачите од страна на Владата беше подржана мерката за Финансиска поддршка за раст на плати во трудоинтензивни фирми, за да се поддржи „спиралата“ кај платите, односно растот кај платите поттикнат од зголемувањето на минималната плата.
- Владата на Меѓународниот ден на трудот ја најави поддршка од 30 проценти од растот на бруто платите за малите бизниси.ја најави мерката по свечената седница на економско - социјалниот совет. На кој присутни беа претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров и Дарко Димовски од ССМ. На седницата се разговарало и за третиот столб од владиниот план за економски раст.
- Претставници на ОРМ учествуваа на првата јавна расправа за предлог законот за практиканство. Јавната расправа се одржа на 14-ти септември 2018 година, во салата за состаноци на Владата на Република Македонија. Домаќини на дебатата беа Вице-премиерот за економски прашања, проф. д-р. Кочо Анѓушев, и Министерката за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска. На јавната дебата претставниците на ОРМ имаа можност да поднесуваат конструктивни предлози, со цел подобрување на текстот на законот.
- Во декември претставници на ОРМ, како засегната страна во сферата на образованието, учествуваа на настан организиран од страна на Владата на Република

Македонија, каде што беше потпишан Меморандум за соработка за заедничка медиумска кампања за промовирање на стручните занимања и можностите за стручно образование во Македонија. Меморандумот за соработка во име на Владата потпишаа министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерот за образование и наука Арбр Адеми и директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, Јован Деспотовски, како и претставници на проекти кои се спроведуваат со поддршка на УСАИД, УНДП и Швајцарската агенција за соработка.

## Министерство за труд и социјална политика

- Учество на ОРМ во работна група за подготовка на **Акцискиот план за формализирање на неформалната економија 2018 -2022 година**.
- Учество на ОРМ во **Меѓусекторско тело за зелени работни места** кое работи на изработка на предлог мерки за подобрување на условите на работниците и системско решавање на предизвиците со кои се соочува бизнис заедницата во секторот енергетска ефикасност, со фокус на градежниот сектор – иницијатива на здружението Гоу Грин подржано од МТСП.
- Учество на ОРМ во подготовка на **Акциски план за вработување 2020** година кој треба обезбеди преглед на активности од Стратегијата за вработување 2016-2020 година.
- Иницијатива на работодавачите со доставување на конкретни предлози во насока на носење на нов **Закон за безбедност и здравје при работа.**
- Иницијатива на работодавачите за Измени и дополнувања на Законот за работни односи (ЗРО) произлезена од работната група при ОРМ.
- Учество на ОРМ во **Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминацаиа** и реализациа на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област.
- Учество во **Интер-ресорската група за еднакви можности**
- Учество во
- Учество во **Работна група за изработка на Преглед на занимања** во текот на 2018 – 2021, веб-портал за преглед на занимањаwww.zanimanja.mk.
- Учество во Меѓуинституционална работна група – Модел за предвидување на вештини, цел обезбедување поверодостојни информации за побарувачката на работна сила МТСП ќе подготвува редовни извештаи за побарувани занимања.

## Министерството за образование и наука

- **Македонската Рамка на Квалификации(МРК)**

  Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК. Целта на вмрежувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно вработување.

  - **Секторска комисија за електротехника**
  - **Секторска комисија за градежништво и геодезија**
  - **Секторска комисија за хемија и технологија**
  - **Секторска комисија за угостителствои туризам**
  - **Секторска комисија за лични услуги**
  - **Секторска комисија замашинство**

- **<u>Секторска комисија за економија, право и трговија</u>**
- **<u>Секторска комисија за земјоделство, ветеринаство о рибарство</u>**
- **<u>Секторска комисија за текстил, кожа и слични производи</u>**

- Учество во **Управниот одбор на Агенција за вработување** на Р.М иво Комисијата од Посебниот фонд по основ на вработување на невработени инвалидни лица
- Учество во **Управниот одбор на ФПИО**
- Учество во **Одбор за акредитација** и евалуација на високообразовни програми

Претставници на ОРМ, во периодот од 5 до 9 ноември 2018 година, присуствуваа на **Европската недела на стручни вештини**. Исто така, членка на ОРМ, ЕВН Македонија, беше избрана за финалист на европско ниво во натпреварот за најдобра практика во областа на ВЕТ за големите компании, за нивниот ВЕТ проект 20-20-20.Целта е да се покаже вредноста на стручното образование и обука во сите фази од животот, без разлика дали е тоа првична квалификација или како преквалификација, или пак да се преквалификува подоцна во животот како возрасен.

## 4. Работата на Управниот одбор на ОРМ во 2018, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности

Седница одржана 26 април 2018 година

- Извештај за предлог измените по ЗРО и ЗБЗР,како и градење на став за почеток на преговори за измена и дололнување на ОКД за стопанството.
- Информација за имплементација на двата проекта од ИПА програмата на ОРМ, како носител и како партнер.
- Извештај за работењето на ОРМ за 2017 година.
- Финансиски извештај на ОРМ за 2017 година.
- План за работа 2018.
- Избор на претседавач на Собранието на ОРМ.
- Разно

Седница одржана на 16.11.2018 година



- Обраќање на Билјана Јовановска-директор на АВРМ - соработката на работодавачите од ОРМ со АВРМ.
- Известување за предлог измените по ЗРО и ЗБЗР.
- Известување за текот на постапката за почеток на преговори за измена и дололнување на ОКД за стопанството.
- Информација за имплементација за двата проекта од ИПА програмата на ОРМ, како носител и како партнер.
- Разно.

Под точката разно беше разгледувана и одлуката на Владата на Република Македонија за воведување на прогресивен данок, при што беше утврден заеднички став на ОРМ. Заедничкиот став по ова прашање, претседателот на ОРМ ќе го презентира на следната седница на Националниот економско-социјален совет на Република Македонија.

## Придонес на ОРМ во областа на законот за работни односи

Во текот на мај – јуни 2018 ОРМ формираше работна група која го рагледуваше Законот за работни односи и неопходната потреба за измени и дополнувања. Работна верзија со конкретни забелешки од страна на работодавачите беше доставена до Министерството за труд и социјална политика. Делот од нашите предлози се прифатени со новиот Закон за измени и дополнувања на Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 120/2018) кој стапи во сила на 07 јули 2018 година.

## Придонес на ОРМ во областа на безбедност и здравје при работа

ОРМ во текот 2018 година ги спроведе следниве активности **во областа на безбедност и здравје при работа (БЗР)**:

Во текот на март и април 2018 година се формирашеРаботна група од каде произлезе креирање на прашалник за оценка на спроведувањето на законот за БЗР, кој беше доставен до сите наши членки. Врз база на собраните наоди од истражувањето, беше креирана интерна анализа. Работната група беше составена од повеќе од 10 претставници на компании (стручни лица од областа на БЗР), кои се членки на ОРМ.

Потоа, следаа состаноци (работилници) на работната група, на кои беше разгледувана анализата и се изготвуваа предлози за измени во постоечкиот закон за БЗР. Како главен заклучок од состаноците/работилниците на работната група произлезе потребата за отпочнување на процесот за изготвување на нов закон за безбедност и здравје при работа, заедно со соодветни подзаконски акти.

ОРМ поднесе Барање до Министерството за труд и социјална политика, како надлежен орган во областа на БЗР, да го започне процесот за изготвување на нов закон за безбедност и здравје при работа, заедно со соодветни подзаконски акти.




На 31.10.2018 во ОРМ организираше тркалезна маса на тема „Ефекти од примената на мерките за безбедност и здравје при работа и предлози нов закон/ измени и дополнувања на постоечкиот." Учесници на тркалезната маса беа членови на Националниот совет за безбедност и здравје при работа, претставници на социјалните партнери, претставници на професионални здруженија од областа на БЗР и други експерти.

## Организирана прес-конференција за Предлогот на закон за финансиска поддршка на инвестиции

Во организација на ТТЗ-Текстилен кластер и ОРМ, беше одржана прес конференција поврзана со поднесениот амандман за измени кон Предлогот на закон за финансиска поддршка на инвестиции. Имено, своја изјава и видување во однос на поднесениот амандман дадоа Маријана Перковска, Претседател на ТТЗ-Текстилен кластер, и Ангел Димитров, Претседател на ОРМ. Поднесениот амандман кон Предлогот на закон за финансиска поддршка на инвестиции е поврзан со деловните субјекти во кожарско преработувачката и текстилната индустрија, е потпишан од страна на десет пратеници и се наоѓа во собраниска процедура. Се надеваме дека амандманот ќе биде прифатен од страна на Собранието на Република Македонија и дека ќе стане дел од интегралниот текст на новиот Закон за финансиска поддршка на инвестиции.

## Состанок со претставници на ММФ и Светската Банка

Претставници на ММФ и Светската Банка, Цезар А. Канчо, Лорен Л.Ј. Босави и Бојан Шимбов, ја посетија извршната канцеларија на ОРМ и остварија средба со наши претставници. Целта на посетата беше размена на информации и податоци во процесот на подготовка на програма за поддршка на социо-економскиот развој на Република Македонија, со посебен осврт на вработувањето и вработувањето на млади лица.

На средбата беа разменети искуства од претходната соработка на ОРМ со институциите и другите социјални партнери во социо-економската сфера, како и давање на сугестии во која насока би требало да се движи програмата  за поддршка на социо-економскиот развој на Република Македонија.

## Советување за новите измени во ЗРО, проблеми во примената и најавените нови измени во ЗРО

На 18.09.2018 ОРМ организираше советување со целизворно од пракса, подетално претставниците од сите компании кои секојдневно се соочуваат со оваа проблематика, правни сектори, сектори за човечки ресурси, менаџери и сопственици да се запознаете со последните измени и дополнувања во законот за работни односи. Предавачи на настанот беа Ангел Димитров, Претседател на ОРМ и Мирјанка Алексевска, Раководител на Сектор за креирање на политики од областа на трудово право и политики за вработување при Министерството за труд и социјална политика.

## ОРМ - активен член на Националниот совет за женско претприемништво

Во склоп на проектот „Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика" се формираше Националниот совет за женско претприемништво, кадешто ОРМ активно учествува и се вклучи со цел да севлијание врз севкупниот развој на женското претприемништво во земјата, вклучувајќи ги и процесите на ЕУ интеграција преку воведување на ефикасен механизам за консултации, застапување и влијание.

## Делегирање на два члена на ОРМ во Насочувачкиот одбор на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење" (TRAIEE)

Иницијативата на Европската унија за градење на капацитетите и подобрување на вештините на градежните професионалци – архитекти, инжинери, како и работници во градежниот сектор е со цел да се постигнат параметрите на ЕУ Стратегијата 2020 за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во градежниот сектор. Преку активностите во рамките на проектот ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување на соработка со различни професионални групи.

## Претставник на ОРМ - член на управниот одбор на проектот Образование за вработување во Македонија E4E@mk

Проектот Образование за вработување во Македонија (Е4Е@мк) е проект поддржанод Швајцарската агенција за развој и соработка, а имплементиран од страна наХелветас Македонија, Македонскиот центар за граѓанско образование и Стопанскатакомора на Македонија. Истиот има за цел да поттикне вработувања во земјата прекуподобрување на стручните вештини кај младите.Проектот предвидува формирање на управен одбор, чијашто задача е да давамислење за стратешки и политички прашања, како и да ги разгледува и дискутираизвештаите за напредок и годишниот план за работа и на тој начин да обезбедиусогласеност на проектот со релевантните национални стратегии, политики изаконодавство.

## 5. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки

**Формирани здруженија**

Во склоп на досегашното работење на ОРМ формирани се следниве здруженија: Здружение за комунални дејности (во мирување), Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија, Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност, Здружение за финансиско посредничка дејност-банки и осигурителни и независни регулаторни тела, Здружение за трговија на големо и мало и  Здружение за енергетика.

**Согласно член 213 од ЗРО, ОРМ ги доби следниве решенија за репрезентативност**

- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи за територија на РМ
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на приватен сектор
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на гранка односно оддел и тоа за :
  - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
  - Финансиски дејности и дејности на осигурување
  - Произвоство на тутунски производи
  - Производство на прехранбени производи
  - Производтво на текстил и обека
  - Производство на кожа и слични производи од кожа
  - Производство на хартија и производи од хартија
  - Производство на хемикалии и хемиски производи, фармацевски производи, гума и пластични маси
  - Други услужни дејности, дејности врз база на зачленување (заштитни друштва кои вработуваат инвалидизирани лица)
  - Производство на фабрикувани метални производи освен машини и  опрема
  - Трговија на големо и мало
  - Градежништво
  - Земјоделство, растително и животинско производство
  - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.

## 6. Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ

Претставници на ОРМ како репрезентативната организација на работодавачи, синдикатите како и претставници од Владата на Македонија учествуваа како трипартитна делегација на 107-та седница на Генералното Собрание на МОТ, која се одржа во јуни 2017 година, во Женева. Овогодинешната тема на конференцијата беше„Градење на иднина со пристојна работа", а на настанот Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска се обрати до присутните делегати од целиот свет кои разговараа за приоритетите и потребите во областа на трудот.

## 7. Учество на претставници на ОРМ на конференции, семинари и обуки

- На 15ти и 16ти Март, претставник на ОРМ учествуваше на Европската конференција со наслов "The European Qualifications Framework: supporting learning, work and cross border mobility", организирана во Брисел, Белгија. Тема на конференцијата беше Европската Рамка за Квалификации и разгледување на информации за досегашната примена и адаптација на Националните рамки за квалификации во земјите членки на ЕУ и државите кандидати за членство.

- Од 19 до 20 април 2018 година, претставник на ОРМ присуствуваше на регионалната работилница со наслов "Вработување на лица со попреченост во регионот на Западен Балкан", што се одржа во Белград. Дводневната работилница ги собра корисниците од шест економии од Западен Балкан, од различни сектори: претставници на владините институции кои се занимаваат со вработување и социјална заштита на лица со попреченост, јавни служби за вработување и организации на работодавачи. Тие споделија искуство и дискутираа за подобрување на законодавството и постојните практики, особено фокусирајќи се на следните области: Правна и стратешка рамка за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Србија и 5 економии од Западен Балкан; Политички мерки и интервенции на пазарот на трудот за активирање на лица со попреченост, стимулации и пристап на работодавачите за вработување на лица со попреченост; Имплементација на политики за вклучување на инвалидните лица во целата компанија и промовирање вредни иницијативи; Фактори на успех, преносливост, научени лекции и препораки.
- На 17ти и 18ти Мај, претставник на ОРМ учествуваше на меѓународна конференција, во заедничка организација на МОТ и Европската Комисија, со наслов “Industrial relations in Europe: Fostering equality at work and cross-country convergence?”, во Париз Франција. Тема на конференцијата беше рамноправноста при работа и конвергенција на различните региони во рамките на државите членки на ЕУ и државите кандидати за членство.

- Регионална конференција „Иднината на социјалната држава во Западен Балкан", која се оддржи од 6-8 јуни 2018 година во Белград, присуствуваше претставник од ОРМ каде што главна тема на дискусија беше иднината на социјалната држава во регионот на Западен Балкан. Повеќе од 200 претставници од влади, граѓанско општество, тинк-тенкови, академски институции, бизниси, развојни организации и други, имаа можност да дискутираат, да разменуваат мислења и да споделат препораки во врска со темата на конференцијата.

- Од 25-28 Септември, претставник на ОРМ учествуваше на обука имплементирана од страна на МОТ, со наслов “Централно и источно европска регионална обука за труд и социјални политики за пристојна работа”. Обуката беше имплементирана во Будимпешта, Унгарија. Обукатаимашезаглавнацелдагозголемикапацитетотнаучесницитедапридонесатконразвојотнатрудот и социјалнатаполитикананационално, регионално и меѓународрониво. Содржинатанакурсотгирефлектирашемоменталнитезагриженостина МОТ и нејзинитесоставниделови, а специфичноцеликон:
  - да се зголеми свеста за главните цели и програми на МОТ;
  - да обезбеди најнови докази засновани на истражувања за тоа од што навистина дава резултати, произлезено од публикации на МОТ;
  - поттикнување на интегриран пристап кон социјалните и економските политики; и

- поттикнување на меѓунационална размена на мислења и искуства меѓу креаторите на политиките ипотенцијални креатори на политики.

- Регонален семинар на тема "Промовирање и зајакнување на социјалниот дијалог" за земјите-кандидатки Албанија, Република Македонија, Црна Гора и Србија.На семинарот претставниците од ОРМ имаа можност да се вкучат во дискусијата за состојбата на меѓу-индустрискиот социјален дијалог на ЕУ, регионалната декларација за "Транспарентен социјален дијалог како", предуслов за здрав и одржлив економски и социјален развој во регионот " и националните социјални партнери;Информирање на учесниците за релевантни студии на случај од Хрватска (најновата членка на ЕУ)и други земји-членки на ЕУ.

## 8. Активности на ОРМ по проекти

### ▪ Проект “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ"

Овој проект се спроведува во периодот 15-ти декември 2017 до 15-ти Јуни 2020 година, каде носител на проектот е МЗЗПР, а директни партнери се ОРМ и ССМ. Главната цел на проектот е да се подобри вклученоста и зајакнувањето на влијанието на организациите на граѓанското општество во спроведувањето на клучните реформи во безбедноста и здравјето при работа,како и дијалогот и партнерството со регионалните граѓански организации од ИПА регионот. Специфична цел на проектот е подинамично граѓанско општество преку вмрежување, застапување, долгорочно стратешко организационо планирање и поттикнување на нивото на вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во врска со безбедни и здрави услови за работа.

Во периодот јануари – декември 2018 ОРМ активно учествуваше, како директен партнер, во спроведувањето на сите активности во рамките на проектот каде што една од целните групи се организациите/здруженијата/ентитетите кои се членови на Националниот Совет за Безбедност и здравје при работа.

Во рамките на проектот, во 2018 година година без спроведени следниве активности:

- Четири обуки за ментори за организациски развој: Обуките беа дводневни и беа спроведени во периодот од мај до август 2019 година. Обуките беа наменети за организации кои се дел од Националниот совет за безбедност и здравје при работа. На обуките учествуваа двајца претставници од ОРМ.
- Осум обуки наменети за претставници на синдикатите, организациите на работодавачи, здруженијата на докторите при медицина на труд и стручните здруженија при безбедност и здравје при работа: Две обуки беа наменети за претставници на здруженијата кои се дел од ОРМ, како и претставници на стопански комори. Една од обуките беше од областа на подобрување на организацискиот развој, а втората беше специјализирана од областа на безбедноста и здравјето при работа.
- Изработка на стратешки и оперативни документи за организациите кои се членки на Националниот совет за безбедност и здравје при работа: Во рамките на оваа активност беше изработен оперативен план на ОРМ, базиран на постоечката стратегија на организацијата.

- Изработка на прирачник за организациски развој: Прирачникот е наменет за сите граѓански здруженија и органзиации, кои сакаат да го унапредат сопствениот развој.
- Изработка на промотивно видео за подигнување на свеста за значењето на безбедноста и здравјето при работа.
- Изработка на промотивен леток/флаер за подигнување на свеста за значењето на безбедноста и здравјето при работа.
- Проектот предвидува превземање дополнителни активности преку обезбедување на финансиска поддршка на трети субјекти. За таа цел тимот на проектот изготви програма и објави повик за суб-грантирање, кој е наменет за "грасрут" и граѓански организации. Овој повик во себе ги содржеше сите податоци поврзани со процесот на аплицирање, како и процесот на селекција и имплементација на предлог активностите. Врз основа на доставените апликации избрани беа доделени суб-грантови на 11 организации, дел од нив грас рут организации, кои се активни/или во склопот на својата работа ја имаат вклучено безбедноста и здравјето при работа.
- Активности за застапување и лобирање.

### ▪ Проект „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија"

Носител на проектот е ОРМ, а директен партнер е Институтот за динамичен развој СФЕРА-Скопје финансиран во рамките на програмата EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK и ќе се спроведува во периодот 15-ти декември 2017 до 15-ти декември 2019 година. Целта на проектот е да ја подигне конкурентноста на МСП и да прагматично придонесе во имплементацијата на националните стратешки документи за конкурентност. Проектот ќе работи на постигнување на конкурентска одржлива предност на извозот на прехранбено-преработувачката индустрија и ќе им помогне на МСП во интернационализацијата, подигање на извозниот капацитет и можности.

Конкретните бенефити од проектот за фимите – учеснички ќе биде директната експертска подршка во подготовката на извозната процедура и документација и други поврзани извозни активности (анализи, нови пазари, контакти со дистрибутивни мрежи и сл.).

Досега се реализирани се следниве активности:

Првата обука на тема "Подготвеност за извоз на компаниите од прехранбена индустрија", беше имплементирана на 14 и 15 мај 2018 година која имаше цел да ја подигне конкурентноста на компаниите преку зајакнување на капацитетите на компаниите за извоз. Предавачите и менторите се искусни практичари и експерти со професионално искуство во теоретското знаење и практични и реални ситуации.

Втората обука се одржа на 8 - 9 ноември 2018 година на тема „Изработка на извозен маркетинг план за вашата компанија – практична работилница", наменета за претставници од мали и средни компании од кондиторската и конзервна индустрија.

Во конкретните резултати ќе се вбројат: Бизнис анализи за извозните можности на регионалните пазари за прехрамнбено-преработувачката индустрија, обуки за извоз на МСП и за техничката подготвеност, нови вештини и знаења за извоз; интерактивна веб платформа за извоз и мобилна апликација; демо мали проекти за извоз на селектирани производи од прехранбено-преработувачката индустрија. Проектот има иновативен пристап и ќе ја зајакне поддршката при извоз на конкретни производи, со што ќе овозможи директен бенефит за вклучените МСП.

Во рамките на проектот се предвидени следниве главни активности:

- Бизнис анализа на можностите за извоз на регионалните пазари на продуктите од прехранбената преработувачка индустрија.
- Градење на капацитети и пренесување на знаења за одржлив извоз на компаниите.
- Финансирање на мали демонстративни проекти за избрани прехранбени производи од Македонија.

## Најава во 2019: Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“

Проектот ќе се спроведува во периодот 1 јануари 2019 - 30 јуни 2021 година, каде носител на проектот е Меѓународна организација на трудот финансиски поддржан од страна на Европската унија. ОРМ како партер во проектот е директно вклучена во спроведување на третата компонента.

Проектот кој го спроведува Меѓународна организација на трудот, а финансиски е поддржан од страна на Европска Унија има за цел да го подобри социјалниот дијалог како средство за создавање повеќе и подобри работни места. Проектот ќе го поддржи учеството на институциите за социјален дијалог во креирањето политики на национално и локално ниво и ќе ја поттикне практиката на редовни консултации преку националните и локалните економско-социјални совети. Ќе создаде услови социјалните партнери да бидат подобро подготвени за да обезбедат квалитетни совети за политиките и да обезбедат услуги насочени кон побарувачката.

Проектот се состои од три конкретни компоненти, имено:

Конкретна цел 1: Зголемено учество на Економско-социјалниот совет во обликување на националната агенда за економско-социјални реформи.

Конкретна цел 2: Зајакнато учество на локалните економско-социјални совети во формулирање и спроведување на локалните политики за вработување.

Конкретна цел 3: Зголемена ефективност на синдикатите и на организациите на работодавачи.

Изготвиле,

Белинда Николовска
Светлана Ристовска -Антиќ
Дона Димов – Марковска
Ѓоко Вукановски

**Претседател**
**Ангел Димитров**